Втората светска војна. Потоа барањето на бугарската влада за ревизија на бугарско-југословенската граница. За потсилувањето на активноста на КПЈ во народот и за предлогот за формирање на концентрациони логори и спречување на секоја комунистичка активност во војската; за ползувањето на југословенските суровини и индустријата за германското воено стопанство; за противгерманското расположение во Југославија; за ставот на ЦК КПЈ спрема спогодбата Цветковиќ-Мачек; за политиката на водачите на ХСС спрема владата во Белград и нејзините понатамошни планови; за штрајковите, саботажите и демонстрациите на работничката и студентската младина; за Балканскиот пакт; за односите Југославија — СССР и Југославија — Англија и тн.

Со објавувањето на документите од овој период се дополнува една празнина и се воспоставува континуитет во прикажувањето на Југославија во Втората светска војна. Зафаќајќи го периодот од аншлусот прикажувањето се протега и на приквечерината на Народноослободителната војна. Со ова се олеснува и помага на читателот полесно да го сфати феноменот на ослободителната војна.

Може да се заклучи дека томот „Априлската војна од 1941" ќе го даде одбраниот материјал кој во главни црти ќе ја осветли и положбата на нашата земја во бурните денови на предвоениот период. Тој претставува виден придонес на историографијата и може корисно да послужи на сите научни работници, историчари, студенти, ученици, на училиштата и факултетите, бидејќи во него ќе најдат материјал за периодот кој претходел на Народноослободителната војна.

Б. М.

**Мито Теменугов — Железни, „БОРБЕНИОТ ПАТ НА ГЕВГЕЛИСКИОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД „САВА МИХАЈЛОВ"**, Гевгелија, 1968 год., стр. 176

Во знак на одбележувањето на 25-годишнината од исфрлувањето на првите партизани од Гевгелиско и формирањето на Првиот гевгелиски партизански одред „Сава Михајлов", Општинското здружение на Сојузот на боречките организации во Гевгелија во 1968 година ја издаде книгата: „Борбениот пат на гевгелискиот партизански одред „Сава Михајлов" од Мито Теменугов — Железни. Нема сомнение, дека на тој начин прославата доби уште поголемо значење, бидејќи преку неа се настојува да се осветлат напорите што комунистите и другите прогресивни сили од Гевгелиско ги вложувале во врска со разгорувањето на НОБ во овој крај, а посебно преку формирањето на Гевгелискиот партизански одред.

Треба уште во почетокот да нагласиме дека авторот на споменатата книга со неа за прв пат не се појавува пред пошироката читачка публика. Тој е автор и на книгата „Богданци во НОБ" што ја издаде Општинското здружение на Сојузот на борците од тогашната Богданска комуна во 1963 година. Во меѓувреме, успеа да публикува и други помали брошури во кои исто така доаѓаат до израз неговите стремежи да го обработува својот потесен крај

и тоа претежно на еден популарно-публицистички начин.

Книгата „Борбениот пат на Гевгелискиот партизански одред“ е поделена во 6 дела. Секој дел претставува посебна целина во која напоредно се обработуваат повеќе појави и настани меѓусебно тесно поврзани и обусловени. На тој начин книгата добила карактер на проблемско обработување. Меѓутоа, авторот исто така при обработувањето на проблемските целини се придржувал и на хронолошкиот ред. Во тој поглед добил извесна помош од научниот соработник на Институтот за национална историја Велимир Брезовски, што впрочем и самиот автор го зборува во предговорот.

Првиот дел претставува еден вид увод во изложениот материјал и авторот во него се задржува на некои поважни општествено-политички настани во 1941—1942 година, кои на одреден начин се одразиле и во Гевгелискиот крај. Исто така во овој дел тој прави краток осврт и на дејноста на Месниот комитет на КПЈ за Гевгелискиот крај во 1941—1942 година.

Во вториот дел М. Т. — Железни се задржува на подготовките што МК на КПЈ за Гевгелиско во соработка со партиските организации во истиот крај ги вршеше за исфрлање на партизани на Кожуф Планина.

Третиот дел е исцело посветен на подготовките на Одредот за своите воено-политички акции. Во овој дел од книгата посебно значајно место зазема акцијата на с. Радња.

Другите пет дела (четвртиот, петтиот, шестиот, седмиот и осмиот) се однесуваат на појави и настани кои не се непосредно поврзани со дејноста на одредот „Сава Михајлов“. Имено, овој одред престана да постои и суштествува како самостојна воено-политичка единица уште во крајот на мај 1943 година, односно по формирањето на баталјонот „Страшо Пинџур“ во септември 1943 година. Во нив авторот поместува доста обимен и значаен фактографски материјал, како во врска со дејноста на позадинските органи на борбата во Гевгелискиот крај така и за дејноста на воените и политичките органи на НОБ на македонскиот народ во врска со понатамошното разгорување на вооруженото востание. Покрај другите, тука се поместени и напорите за формирање на баталјонот „Страшо Пинџур“, придобивањето и приклучувањето во НОБ на југословенските народи на војници од бугарската армија, како и подготовките за формирањето на Втората македонска бригада.

Стилот и јазикот во излагањето на материјалот се доста течни и лесни. Тоа читателот лесно може да го осети низ целиот текст.

Во изложениот текст во книгата се забележливи и извесни пропусти и слабости, кои имаат претежно методолошки карактер. Нив би ги свеле на следниве моменти:

1. Во книгата, како што веќе и иницииравме, постојат и делови во кои се зборува за настани и појави кога веќе Одредот не постои како посебна воено-политичка единица;

2. На општите воено-политички настани во Македонија, Југославија па и светот се дава преголемо место, односно доста опширно се изнесуваат;

3. Книгата е обременета со многубројни цитирани текстови без да се именуваат фусноти за да се види од каде се цитирани тие материјали;

4. Цитираните текстови се главно

премногу долги. Некои дури изнесуваат и до 5 страни текст што претставуваат значајна тешкотија за читателот.

Без оглед на наведените пропусти, авторот Мито Теменугов вложил огромни напори и успеал да изложи на еден доста концизен начин значаен историографски материјал за една наша борбена единица од периодот на НОБ и Револуцијата на југословенските народи.

**В. К.**

## Л. Соколов, БИБЛИОГРАФИЈА ЗА СТОПАНСКАТА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА (Период до 1945 г.), кн. II. Скопје, 1969

Четиринаесет години по објавувањето на I том од книгата под горенаведениот наслов и од истиот писател излезе во издание на Економскиот институт на Универзитетот во Скопје на 554 страници и II том од книгата. Како и во I том така и во II библиографските единици што се однесуваат на стопанската историја на Македонија во нејзините етнички и географски граници групирани се во три дела: во одделот население, стопанство и социјални прашања.

Во првиот дел (стр. 9—47), што го опфаќа одделот населението во Македонија, библиографските единици се разделени и систематизирани во следниве подгрупи: пространство, цифрени податоци за населението по села, градови, околии и цела Македонија, професионална структура, миграции и интерна колонизација, емиграција, печалбарство и административна поделба.

Вториот дел, истовремено и најголем (од стр. 51—506), поделен е на овие 15 групи: стопанство општо, земјоделие, пољоделство и растително производство, сточарство, шумарство, лов и риболовство, рударство, занаетчиство и домашна преработувачка дејност, индустрија, градежништво и комунални работи, сообштенија, трговија (надворешна, внатрешна, мерки, панаѓури, берзи, цени, царини), туризам, гостилничарство, хотелиерство и минерални извори, финансии и стопански задруги. Во некои од овие стопански гранки библиографските единици се систематизирани на уште помали подгрупи. На пример, стопанската гранка земјоделство е систематизирана во следниве подгрупи: земјоделство општо, селскостопански орудија, земјишни површини, мелиорациони работи, аграрни односи, средновековен феудализам, спахиски систем, чифлигарство, поседовна структура и аграрна реформа.

Третиот дел под општ наслов социјални прашања (од стр. 509—534), дава библиографски единици за богомилството, работничките прашања, надниците, безработицата, синдикатите, штрајковите, работничката заштита и стандардот на животот. На крајот на книгата, за да му се олесни на читателот, даден е по азбучен ред регистер на писателите на анотираните библиографски единици во книгата.

Во првиот и последниот дел се регистрирани главно помал број библиографски единици, додека во вториот дел се анотирани сите библиографски единици до кои авторот можел да дојде. За таа цел авторот ги прибирал овие библиограф-